Република Северна Македонија

lika

**Општина Долнени**
**Локална самоуправа**

**Republika e Maqedonisë së Veriut**
**Komuna e Dollnenit**
**Vetëqeverisja Lokale**

---

Врз основа на член 39 став 1 алинеја 2 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) а согласно член 23 став 2 од Статутотна општина Долнени („Службен гласник на општина Долнени“ бр.10/19) членовите на Советот на општина Долнени го донесоа следното:

Р Е Ш Е Н И Е

Ја свикувам 11 (единаесетата) седница на Советот на општина Долнени на ден 22.06.2022 год. во 12:00 часот која ќе се одржи во општина Долнени – Сала за состаноци во Подрачни канцеларии Ропотово, со следниот :

## Д н е в е н р е д

1. Усвојување на Записникот од десетата седница на Советот на општина Долнени;

2. Донесување на Правилник за утврдување на правила согласно член 24 од Законот за лобирање;

3. Одлука за формирање (делегирање) на Управен одбор на ЈКП „Долнени“ – Долнени;

4. Разно.

Претседател на Советот

на општина Долнени – Долнени

______________________________

Хусеин Хасановиќ с.р

# З А П И С Н И К

Од одржаната 11 (единаесетата) седница на Советот на општина Долнени на ден 22.06.2022 година во салата за состаноци во Подрачните канцаларии во Ропотово општина Долнени во 12:00 часот. На кој присуствуваа 14-членови и тоа: Виктор Переcки, Дејан Змејкоски, Ангела Јаковлеска, Елмедин Фазлиќ, Изет Сулејманоски, Мајран Алампиески, Нади Садикоски, Сеад Колашинац, Онур Имероски, Рахим Адемоски, Хусеин Хасановиќ, Шенај Зера Ќамилоска, Назим Адемоски, Ахмедин Рамовиќ, а оправдано отсутни беа: Линдита Сулејманоска. Од страна на Претседателот на Советот Хусеин Хасановиќ беше предложен следниот:

Д н е в е н р е д

1. Усвојување на Записникот од десетата седница на Советот на општина Долнени;
2. Донесување на Правилник за утврдување на правила согласно член 24 од Законот за лобирање;
3. Одлука за формирање (делегирање) на Управен одбор на ЈКП „Долнени“ – Долнени;
4. Разно

Со предлог за дополнување на Дневниот ред од страна на Претседателот на Советот се дадени следните точки:

- Одлука за доделување на право на користење на недвижен имот;
- Одлука за пренесување на право на стопанисување на Регионален водовод „Студенчица“ од н.м. Мало Мраморани;
- Одлука за меѓуопштинска соработка помеѓу општина Долнени и општина Македонски Брод во делот на Ревизорски услуги;

Вака предложениот Дневен ред едногласно е прифатен од страна на Советниците со 14-За гласа.

1. По првата точка од дневниот ред усвојување на Записникот од 10-та седница на Советот на општина Долнени е побарано од страна на советникот Сеат Колашинац за наредната седница да се достави извештај за барањето од советничката Шенај Зера Ќамили колку има реализирано барања за доделена еднократна помош на правни и физички лица. Да се достави извештај за барањата на Советниците за добивање на телефонски броеви до каде се активностите, овие барања да бидат одговорени во писмена или усмена форма од страна на надлежните во општинската администрација на општина Долнени, на наредната 12-та седница на Советот.

Со дадените предлози од страна на Советниците е усвоен Записникот од 10-та Седница кој беше ставена на гласање со 14-ЗА гласови.

2. Втората точка од дневниот ред е Донесување на Правилник за утврдување на правила согласно член 24 од Законот за лобирање, по која збор зеде претставникот од Општинската администрација Зоран Здравески кој ја образложи потребата од донесување на предложениот Правилник. Овој правилник е доставен од страна на Кржавната комисија за спреќување на корупцијата, до сите општини во државата од причини што со Законот за лобирање се задолжени институциите да постапат по истиот и да одредат лица во нивните Сектори или одделенија да ги примаат сите барања, предлози ургенции, поплаки, преставки и други барања од страна на граѓаните на општина Долнени. Вака предложениот Правилник именованиот

административен службеник кој го изготви им предложи на членовите од Советот да го усвојат од нивна страна.

По даденото образложение од настанатата потреба за донесување на Правилникот за лобирање истиот беше ставен на гласање за кој гласаа сите присутни советници 14 - ЗА.

3. По однос на третата точка од дневниот ред Одлука за формирање (делегирање) на Управен одбор на ЈКП „Долнени“ – Долнени, Комисијата за мандатни прашања даде предлог на следните ченови и тоа: - Елтон Ислами од Црнилиште; - Армела Хасановиќ од Лажани; - Омер Асаноски од Дебреште; - Слаѓана Змејкоска од Пешталево; Џемал Ќеримоски од Лажани; - Емран Саитоски од Лажани и Сафет Ибраими од Црнилиште.Советот донесе Одлука да бидат избрани предложените први пет члена кои се делегирани за ВД. Управен одбор од ЈКП „Долнени“ – Долнени. Делегираниот ВД Управен одбор при ЈКП „Долнени“ – Долнени го сочинуваат следните членови: - Елтон Ислами од Црнилиште; - Армела Хасановиќ од Лажани; - Омер Асаноски од Дебреште; - Слаѓана Змејкоска од Пешталево; Џемал Ќеримоски од Лажани, кој ќе ја извршуваат надлежноста на УО од ЈКП „Долнени“ – Долнени најмалку 3 (три) месеци се до избор на нов УО за кој ќе се спроведе постапка по Јавен повик.
Точката беше усвоена од страна на Советот со 14 - ЗА.

4. Како четврта точка со дополнувањето на дневниот ред е Одлука за доделување на право на користење на недвижен имот, и тоа зграда културен спомен дом „Пеце Атанасовски“ – Долнени, која е дадена на користење со Одлука на Советот на општина Долнени од 1999 година. Барањето кое е поднесено од Заводот за заштита на спомениците на културата и музеј на Прилеп, кој има изработено Елаборат за користење на Спомен домот „Пеце Атанасовски“- Долнени за потребите на НУ Завод Музеј – Прилеп, го образложи претставникот од Одделението за урбанизам Горан Нинески.

По даденото образложение за донесување на Одлуката за доделување на право на користење на недвижен имот, истата беше ставен на гласање за кој гласаа сите присутни советници 14 - ЗА.

5. Како петa точка со дополнувањето на дневниот ред е Одлука за пренесување на право на стопанисување на Регионален водовод „Студенчица“ од н.м. Мало Мраморани, барање за донесување на Одлукава е од ЈКП „Долнени“ – Долнени, кое е во голема загуба во делот на овој водовод за кој се мал број приклучпоци а истиот е поврзан на водоводот од н.м. Мажучиште кое е под ЈКП „Водовод и Канализација“ – Прилеп.

По даденото образложение за донесување на Одлука за пренесување на право на стопанисување на Регионален водовод „Студенчица“ од н.м. Мало Мраморани истата беше ставен на гласање за кој гласаа сите присутни советници 14 - ЗА.

6. Како шеста точка со дополнувањето на дневниот ред е Одлука за меѓуопштинска соработка помеѓу општина Долнени и општина МакедонскиБрод во делот на Ревизорски услуги. Оваа одлука треба да се донесе одпричини што општина Долнени нема вработено лице за вршење на Ревизорскаконтрола на административното работење на општина Долнени. Со Закон е обврзана секоја општина да има ревизор или да ги користи услугите од друга општина со донесување на ваква Одлука и склучување на Договор со кој ќе се регулираат меѓусебните права и обврски на двете договорни страни.

По даденото образложение за донесување на Одлука за меѓуопштинска соработка помеѓу општина Долнени и општина Македонски Брод во делот на Ревизорски услуги, истата беше ставен на гласање за кој гласаа сите присутни советници 14 - ЗА.

7. Под Разно е разгледано барање за помош од настанат пожар на Златко Црвенкоски од Небрегово со комплет документација е донесен Заклучок да се исплати еднократна помош со предлог од 10.000,оо денари, но истата ќе ја одреди Градоначалникот со Решение.

Со тоа беше исцрпен дневниот ред од 11-та седница на Советот на општина Долнени, која е завршена.

З а п и с н и ч а р

П р е т с е д а т е л на Советот на општина Долнени

________________________

Зоран Здравески

________________________

Хусеин Хасановиќ